| Прилог 3. | Предметна програма од прв циклус на студии | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Вовед во полициски науки |
| 2. | Код | ФБПН 03 |
| 3. | Студиска програма | Криминологија и криминална политика |
| 4. | Организатор на студиска програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Катедра за полициски науки |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | 1 |
| 6. | Академска година / семестар | 2014/2015, трет семестар |
| 7 | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8 | Наставник | Доц. д-р Раде Рајковчевски |
| 9 | Предуслови за запишување на предметот | / |
| 10 | Цели на предметната програма (компетенции) | Предметот Вовед во полициски науки е теориско-емпириска интердисциплинарна наука. Целта на предметот е да ги систематизира знаењата и поимите за полицијата. Задачата на предметот е да ги интегрира знаењата од другите науки кои се однесуваат на полициската организација или дејност. Таа нема за цел да ги замени останатите полициски науки, туку да ги интегрира оние поими и елементи кои им се заеднички да ги презентира на единствен начин, како нивна надградба. Притоа не е можно да се остане само на изнесување апстрактни поими, туку е потребно да се утврдат одредени причински, функционални и други врски меѓу тие поими и елементи.<br>Така сфатен предметот Вовед во полициски науки на студентите треба да им овозможи стекнување основни знаења заради полесно совладување на останатите правни, полициски, безбедносни, криминолошки и криминалистички науки. |
| 11 | Содржина на предметната програма | – Поим, предмет и поделба на предметот „Вовед во полициски науки“.<br>– Значење на зборот полиција, во Македонија и во други земји<br>– Развој на полицијата и на полициските науки.<br>– Однос на полициските науки со другите сродни науки.<br>– Поим и значење на безбедноста - општествени, правни и социјални компоненти за безбедноста.<br>– Потреби од безбедноста.<br>– Место и улога на полицијата во демократското и во тоталитарното општество.<br>– Современи форми на криминал. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | | – Поим и основни постулати на кои е поставена правната држава и модел на полицијата во правната држава<br>– Функции на полицијата.<br>– Присилата како обележје на полициската работа<br>– Основни поими за полициски овластувања и полициско право<br>– Типови и модели на полициска организација.<br>– Контрола и надзор над полицијата.<br>– Професионализација на полицијата.<br><br>За утврдување на поимот „Вовед во полициски науки“ се тргнува од претходно утврдување на поимот полиција, односно спознавање за тоа што претстува полицјата како институција и кои се нејзините извршители, статус и функции. Научната дисциплина „Вовед во полициски науки“ има за цел да ги интегрира основните поими и знаења од сферата на полицијата, како и од другите полициски науки, и да ги поврзе и презентира на единствен, осмислен начин, според посебна методологија. | | |
| 12 | Методи на учење | Методите кои се применуваат во предметот „Вовед во полициски науки“ се идентични со оние кои се применуваат и во другите науки. Тргнувајќи од предметот на оваа дисциплина, приоритетни се методите на научна синтеза и анализа, односно постапки на воопштување и апстрахирање. Оваа постапка се темели на социолошки, правни, историски, информатички и други методи со кои се служат науките за полицијата. Тргнувајќи од горните поставки за поимот, предметот, целите и методите на „Вовед во полициски науки“, доаѓаме до сфаќањето дека оваа научна дисциплина има поблиски или послаби врски со другите научни дисциплини. Таа поврзаност може да се следи преку односот на предметот „Вовед во полициски науки“ со другите социолошки, безбедносни, управни, правни, криминолошки, криминалистички и други дисциплини, како и меѓу односот со другите форензички и полициски дисциплини. | | |
| 13 | Вкупен расположив фонд на време | | | |
| 14 | Распределба на расположивото време | | | |
| 15 | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања-теоретска настава | 36 часови |
| | | 15.2 | Вежби (лабараториски, | 12 часови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | / |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | 80 бодови |
| | 17.2. | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | 10 бодови |
| | 17.3. | Активност и учество | 10 бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Критериуми за оценување ( бодови / оцена) | до 50 бода | 5(пет) (F) |
| | | Од 51 до 60 бода | 6(шест) (E) |
| | | Од 61 до 70 бода | 7(седум) (D) |
| | | Од 71 до 80 бода | 8(осум) (C) |
| | | Од 81 до 90 бода | 9(девет) (B) |
| | | Од 91 до 100 бода | 10(десет) (A) |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | Редовност на предавања и вежби за редовните студенти. |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Преку самоевалуација која редовно се спроведува од надлежната интерна комисија. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | |
| | | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | Трпе Стојановски<br>Бери М. Бејкер | Полицијата во демократско општество<br>Да се биде полицаец | 2 Август С, 1997 год.<br>28./8828 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | |
| | | Ред.бр. | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | Mirceva, S, and R Rajkovcevski | “Policing in the Republic of Macedonia” In G.Meško, C.B. Fields, B. Lobnikar, and A. Sotlar (Eds.), *Handbook on Policing in Central and Eastern Europe* | Springer Publishing, New York, USA, pp. 143-168, 2013. |
| | | 2. | Rajkovchevski, R, and S Mircheva | “Position of Police Sciences within the System of Sciences” in Cane Mojanoski (ed.), *Security and Euro-Atlantic Perspectives of* | Van Gog Ltd, Skopje, Macedonia, pp.323-336, 2012. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *the Balkans, Police Science and Police Profession (States And Perspectives)*, International Scientific Conference Proceedings, Volume I. | |
| | | 3. | | | |